РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 01-12660/1
03-12-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - ШКУП

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022 208/2024 и 193/2025), ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 03.12.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр. 02-8770/1 од 13.08.2019 година, бр.02-11571/1 од 29.10.2019 година, бр. 02-12413/1 од 02.12.2020 година, бр. 02-1826/1 од 19.02.2021 година, бр. 02-5788/1 од 04.06.2021, бр.02-2299/1 од 08.03.2022 година, бр. 02-7329/1 од 25.07.2022 година, бр. 02-2601/1 од 17.03.2023 година, бр. 02-7047/1 од 25.07.2023 година, бр 02-7293/1 од 05.07.2024 година, бр.02-8165/1 од 26.07.2024 година и бр.01-4502/1 од 14.04.2025 година.

### Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, во точка 5.Сектор за правни работи, потточка 5.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи, по работното место со реден број 48 КДР0102Г03121 референт- архивар, се додава работно место 48-а кое гласи:

| 5.Сектор за правни работи, човечки ресурси и општи работи | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за човечки ресурси и општи работи | |
| Реден број и шифра | 48-а. КДР0102Г03 124 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Референт на телефонска централа |
| Број на извршители | 1 |

| | |
|---|---|
| Вид на образование | Вишо/средно |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Обезбедување ефикасна и навремена телефонска комуникација преку управување со телефонската централа на претпријатието. |
| Работни задачи | - Прима и проследува телефонски повици на вработените;<br>- работи со телефонската централа на Јавното претпријатие;<br>-се грижи за навремено и точно поврзување на барани телефонски броеви.<br>- врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот |
| Одговара пред | Раководителот на одделението за човечки ресурси и општи работи |

Во точката 7.Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата потточка 7.2 Одделение за безбедност на патиштата, работното место под реден број 118.КДР0102Б04187 Раководител на Одделение за безбедност на патиштата, се менува кај вид за образование и работните задачи и гласи:

| 7.Сектор за безбедност на патишта и управување со патиштата | |
|---|---|
| 7.2 Одделение за безбедност на патиштата | |
| Реден број и шифра | **118.КДР0102**Б04187 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Раководител на Одделение за безбедност на патиштата |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Природно-математички науки/Компјутерски и информациски науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Воспоставување и следење на функционирањето на интелегентни транспортни системи (ИТС) на државните патишта и безбедност на патиштата |

| | |
|---|---|
| Работни задачи | - Изготвување на програма за проекти за воспоставување на интелегентни транспортни системи (ИТС) на државните патишта<br>- Координација и воспоставување на тим од вработени од областа сообраќај и транспорт за реализација на проекти<br>- Надзор над воспоставување на интелегентни транспортни системи (ИТС) на државните патишта<br>- воспоставување и функционирање на интелегентни транспортни системи (ИТС) на државните патишта и сигнализацијата на државните патишта за безбеден сообраќај на истите<br>- Собира, обработува и ажурира електронски податоци за условите на државните патишта како и за неопходните работи од одржување на државните патишта и безбедност на патиштата<br>- Задолжен е за развој и имплементација на електронските системи на државните патишта за следење на работата на инсталираните системи за контрола и управување со сообраќајот и вршење кориснички надзор над инфраструктурни проекти.<br>- Се грижи за електронските системи за информирање на учесниците во сообраќајот, систем за видео надзор, систем за автоматско откривање инциденти, патен метеоролошки информациски систем како и ИТС системи.<br>- Ја следи работата на електронски систем за контрола и управување со сообраќајот кој се извршува во Командно-оперативните центри<br>- Се грижи за воспоставувањето и спроведувањето на електронски системи за ограничувања на брзината поддржани со напредни безбедносни мерки како што се сообраќајни знаци, камери за брзина и механизми за ограничување на брзината за зголемување на безбедноста на патиштата<br>- Се грижи за подобрувањето на систематското собирање податоци за жртвите во сообраќајот на патиштата и сериозните повреди, според стандардите на ЕУ, како што е моделот на податоци CARE (исто така познат како протокол за заеднички збир на податоци за несреќи (CADaS). Со консолидирање и подобрување на квалитетот на податоците и создавање на електронска база на податоци<br>- се грижи за исполнувањето на критериумите за интеграција во базата на податоци на EU CARE за обезбедување на сеопфатен пристап кон безбедноста на патиштата.<br>- Редовно и навремено ги информира претпоставените за конкретните активности кои ЈПДП треба да ги преземе заради подобрување на безбедноста на државните патишта во согласност со важечките закони и Конвенциите/Директивите |

| | |
|---|---|
| | на ОН/ЕУ, во консултација со Советниците инженери согласно електронската база на податоци.<br>- Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење. |
| Одговара пред | Раководител на секторот за безбедност на патишта и управување со патиштата |

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 99. Инкасант за наплата на патарина, во делот број на извршители, бројот „305" се заменува со бројот „304".

**Член 3**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

ВД Директор

Коце Трајановски